СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 220/2021

Дата: 17-02-2021

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка (“Службен весник на Република Македонија” бр. 124/15), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија” бр. 32/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Општина Пробиштип ѝ се издаваат **Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план вон населено место за Е1.13 - соларни и фотоволтаични електрани на КП 2647, КП 2632, КП 2643, КП 2642, КП 2644, КП 2639, КП 2638, КП 2604, КП 2603, КП 2602, КП 2605 и КП 2601, КО Добрево, Општина Пробиштип.** Површината на планскиот опфат изнесува 4,32 ха.
2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y00321** се составен дел на Решението.
3. Условите за планирање на просторот за изработка Урбанистички план вон населено место за Е1.13 - соларни и фотоволтаични електрани на КП 2647, КП 2632, КП 2643, КП 2642, КП 2644, КП 2639, КП 2638, КП 2604, КП 2603, КП 2602, КП 2605 и КП 2601, КО Добрево, Општина Пробиштип, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.
4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на планската документација потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина (“Службен весник на РМ” бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Општина Пробиштип, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија” бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УП 33328, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот за изработка Урбанистички план вон


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 106 212
www.moepp.gov.mk

населено место за Е1.13 - соларни и фотоволтаични електрани на КП 2647, КП 2632, КП 2643, КП 2642, КП 2644, КП 2639, КП 2638, КП 2604, КП 2603, КП 2602, КП 2605 и КП 2601, КО Добрево, Општина Пробиштип.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план вон населено место за Е1.13 - соларни и фотоволтаични електрани на КП 2647, КП 2632, КП 2643, КП 2642, КП 2644, КП 2639, КП 2638, КП 2604, КП 2603, КП 2602, КП 2605 и КП 2601, КО Добрево, Општина Пробиштип и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 220/2021 од 15.02.2021 година.

Условите за планирање на просторот се издаваат за изработка на **Урбанистички план вон населено место за Е1.13 - соларни и фотоволтаични електрани на КП 2647, КП 2632, КП 2643, КП 2642, КП 2644, КП 2639, КП 2638, КП 2604, КП 2603, КП 2602, КП 2605 и КП 2601, КО Добрево, Општина Пробиштип** и претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка (“Сл. весник на Република Македонија” бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

**М И Н И С Т Е Р**
**Naser Nuredini**

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање
Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor
Shkup

Изготвил: Дејан Гацовски

Одобрил: Неби Реџепи